***Поставување прашања од акционери***

Акционерите имаат право да поставуваат прашања по секоја од точките на дневниот ред на Собранието, а Банката е должна да одговори на поставените прашања. Обврската на Банката да одговори на поставените прашања е претходно условено со потврдување на личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето на ред во работата и заседавањето на Собранието и зачувување на доверливоста во работењето, принципите на банкарска и деловна тајна, како и деловните интереси на Банката. Прашањата и одговорите се објавуваат на интернет – страницата на Банката во форма на прашање и одговор.

***Доставување предлози за дополнување на Дневниот ред***

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право по писмен пат или со електронски средства да поднесат Барање и да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка како и да предложат за усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик за одржување на Собранието на акционери.

Предлозите за дополнување на Дневниот ред се доставуваат во писмена форма на адресата на Банката:

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
ул. Македонија бр. 34
1000 Скопје
со назнака “За Кабинетот на УО”

или на мејл адресата: MLkabinet@sparkasse.mk

**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**